Бр./Nr 12-686/2
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6- та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-686/1 од 12.02.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување до надлежен орган - --------- ------ -- --------- --------- ------------.

Предметот со број 12-686/1 од 12.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 12.02.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за повреда на индивидуално право на подносителот како и нанесена лична штета со незаконски реализирани вработувања и пополнувања на работни места во Основниот суд од -----------. Подносителот на оваа пријава бил директно инволвиран во случајот и изнесените наводи се за сомневање за тоа дека во предметниот суд вработувањата како и кариерните унапредувања се базирале исклучиво на пријателска и роднинска основа со одговорното лице на институцијата, без притоа да се земат во предвид квалитетот и работното искуство на останатите кандидати за вработување. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај од причина што друг орган е надлежен да постапува по пријавените наводи, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до надлежен орган - Судски совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk